Бр. 12-1539/4
26.03.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на шестата седница одржана на ден 20 март 2019 година донесе

## **Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1539/1 од 06.03.2019 година.

Предметот со број 12-1539/1 од 06.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1539/1 од 06.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Во пријавата се изразува незадоволство од спроведена постапка за избор во наставно-научно звање асистент на предмети од научната област педагогија на факултетот за педагогија на државен универзитет. Имено, подносителот на пријавата во 2004 година бил избран за наставно-научно звање помлад асистент на кое работно место бил се до 2011 година, кога е објавен конкурс за избор во наставно-научно звање асистент на истите предмети на научната област педагогија, на кој конкурс се пријавила но иако ги исполнувала условите не била избрана, а на тоа место избрано е друго лице, близок роднина на поранешниот министер.

По разгледување на наводите содржани во пријавата Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Според Државната комисија за предметниот случај се надлежни други органи во Република Северна Македонија – Државниот просветен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и надлежниот суд, па оттаму Државната комисија за спречување на корупцијата го упатува подносителот на пријавата заштита на своите права да ги побара и да ги оствари со правни средства пред овие надлежни органи.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk